# ОПШТИНА ОХРИД

## ПОСТАПКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ТАКСА НА ВРШИТЕЛИТЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ

Почитувани

За добивање на субвенции физичките лица вршители на угостителска дејност од мал обем во Секторот за ТЛЕР при Општина Охрид до Комисијата за доделување на субвенции по основ дел од ТПП доставуваат:

- Барање за субвенционирање на дел од ТПП (Образец ТП);
- Копија од решение за Упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем;
- Копија решение за извршена Категоризација на сместувачкиот објект (не постаро од три години);
- На увид да се достават книгите за евиденција на домашни и странски гости;
- Копија од договор со туристичка агенција или туристичко биро;
- Копија од уплатница за извршена уплата на ТПП за периодот за кој се однесува субвенцијата;
- Листа на лица евидентирани во книгите за домашни и странски гости (Образец ТПП) и
- Број на трансакциона сметка на вршителот на угостителска дејност од мал обем.

***Потребните документи треба да се доставуват во 2 (два) примероци во период од 01.07 до 31.07 за првата половина од годината и во период од 01.01 до 31.01 за втората половина од годината.***

***Подетални информации може да добиете во секторот за ТЛЕР или на телефонскиот број +389 46 230 175.***

***Со почит,***
***Општина Охрид***
***Сектор за ТЛЕР***